Интерактивна мрежа за образование и ресурси

## Безбедни и Сигурни Млади.Net

# Мрежна етика – Нетика (Net-Etiquette)

United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization
IFAP Information for All Programme

Подготвено  со финансиска поддршка на УНЕСКО во рамките на неговата Меѓувладина Програма Информации за Сите

**Мрежна Етика – Нетика**

Секојдневните промени во технологиите, можностите што тие ги нудат, пред нас отвораат големи перспективи од секаков аспект. Но можностите за комуникација треба да ги искористиме придржувајќи се до етичките норми на однесување. Во поново време актуелен е терминот Мрежна Етика - Нетика (нет-етика или етика на однесување при користење на Интернет – Net-Etiquette). Таа пропишува како да се однесуваме кога со помош на комуникациските алатки се запознаваме со некого, како да комуницираме, и професионално и приватно, како да се однесуваме при комуникација кога сме дел од група (мејлинг листа), како да се однесуваме при пребарување на податоци и како да определиме валидност на најдените податоци, како да споредуваме повеќе извори. Обука за нетика и нејзино применување во секојдневната комуникација веќе станува потреба, ако сакаме етички да ги користиме новите можности што ги нудат технологиите. Секоја обука, формална или неформална, за користење на новите технологии, опфаќа обука за етичко користење на тие технологии.

Притоа, користејќи ги новите технологии, треба да сме многу внимателни и во преземањето податоците од Интернет. Интернетот не е во ничија сопственост и никој не може да ги контролира податоците поставувани секоја минута на него. Младите генерации и новите корисници на Интернет ќе треба да се снаоѓаат во морето податоци на Интернет, да не подпаѓаат под разни влијанија, да можат критички да го оценат најдениот податок споредувајќи го со други извори.

Образовните институции го решаваат овој проблем со тоа што вршат обуки на наставниците и учениците како критички да пристапуваат до информациите добиени од Интернет и да ги споредуваат со други извори. Некои институции дури и сами го ограничуваат пристапот на своите ученици до одредени несигурни страни. На пример, во Канада на државно ниво е ограничено користењето на yahoo.com во училиштата, бидејќи поврзувањето на оваа страна се смета за несигурна врска и непроверени информации можат да се најдат на неа.

Електронската етика пропишува правила при користење на компјутерската технологија и мрежното поврзување. Но, никој не може да натера некого да се придржува кон таа етика, посебно затоа што користењето на овие технологии најчесто го прикрива идентитетот на корисникот. Никој не може да гарантира за она што секојдневно се поставува или се праќа преку Интернет. Заради тоа почнуваат да се создаваат електронски заедници на луѓе кои се грижат за содржините на одредени веб страни, ажурирајќи ги и проверувајќи ги податоците поставени на нив.

Сега веќе етиката во образованието го менува фокусот кон слободата на информациите, кон слободен пристап и слободен софтвер. Кога зборуваме за етика во електронското општество треба да зборуваме за интелектуална етика. Поголем дел од информациите со помош на новите технологии ни се лесно достапни. Тоа не значи дека слободно можеме да правиме плагијати и да користиме туѓи трудови, туку етиката на новото време ни налага при цитирање на автор или веб страна пронајдени од Интернет да го наведуваме името на авторот/страната и времето кога тоа е преземено.

Сето ова поттикнува кон понатамошен развој. Сето ова отвара нови економски модели за работа и заработувачка, нови образовни модели и можности. Училиштата треба први да го прифатат овој концепт, да го применуваат и да ги искористат големите можности што тој ги нуди, бидејќи главна цел на училиштата е да едуцираат млади луѓе кои ќе станат продуктивни  граѓани на современото електронско општество.

**Можни прашања за дискусија:**

- **Конечно на Интернет можеме да бидеме она што сакаме! Без ограничувања! Дали се потребни правила за комуникација преку Интернет? Кои би биле тие правила?**
- **Дали користењето на материјали од други автори за сопствени потреби и под сопствено име е прифатливо? Како да се определи што е прифатливо и во која мера при користењето на материјали од други автори?**
- **Како можеме да ги искористиме сите можности кои ги имаме со Интернет за да се развиваме и учиме? Дали е можно учење со помош на Интернет?**
- **Како да препознаеме дека она што го најдовме на Интернет е автентично и точно?**

United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization
IFAP Information for All Programme

Подготвено  со финансиска поддршка на УНЕСКО во рамките на неговата Меѓувладина Програма Информации за Сите